# Редовен програмски надзор врз 6 кабелски оператори

**Скопје, 21.08.2018г.** – За обврските кои се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите кои ги реемитуваат кабелските оператори, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Кабел, Кабел-Нет, Инел Интернационал, Мултимедиа-Нет, Роби и Траншпед Трејд.

Надзорот врз Кабел-Нет од Струмица покажа дека програмските сервиси Fight Box, Film Box, Film Box Extra, Film Box Arthouse и Docu Box кои операторот ги реемитува, не се опфатени со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Кај останатите оператори не се констатирани прекршувања.

**Извештаите од надзорите се достапни на линковите:**

Кабел – (член 64 став 2, член 141 од ЗААВМУ) – 21.08.2018

Кабел-Нет – (член 64 став 2, член 141 од ЗААВМУ) – 21.08.2018

Инел Интернационал – (член 64 став 2, член 141 од ЗААВМУ) – 21.08.2018

Мултимедиа-Нет – (член 64 став 2, член 141 од ЗААВМУ) – 21.08.2018

Роби – (член 64 став 2, член 141 од ЗААВМУ) – 21.08.2018

Траншпед Трејд – (член 64 став 2, член 141 од ЗААВМУ) – 21.08.2018